Врз основа на член 19 став 2 точка 7 в.в. со член 11 точка 5 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 15 од Статутот на ЈКП ИЛИНДЕН н. Илинден, а во согласност со член 29 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 45/97, 23/99, 45/02 и 16/04), член 121 став 2 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04 и 71/04) и член 16 од Законот за одржување на јавна чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/98), Управниот одбор на претпријатието на седница одржана на ден 03.11.2023 година ја донесе следната:

Јавно комунално претпријатие
"ИЛИНДЕН"
Бр. 02-193/7
03. 11 2023 год.
Населба, ИЛИНДЕН

# ОДЛУКА

## за утврдување на цена на комунална услуга - собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од правни субјекти

Член 1

Со оваа одлука се утврдува цената на комуналната услуга - собирање и транспортирање на комунален цврст отпад од правните субјекти.

Член 2

Цената на комуналната услуга наведена во Член 1 од Одлуката ќе се определува според единица како денар по метар квадратен, денар по метар кубен и денар по килограм, а врз основа на дејноста која ја вршат, како и количеството и видот на отпадот кој го создаваат правните субјекти.

Член 3

Врз основа на критериумите од Член 2 од Одлуката, правните субјекти се групираат во пет категории, а износите кои ќе ги плаќаат се следниве:

- **I категорија ------ 300,00 денари** - Субјекти кои вршат мали услужни дејности (фризерници, часовничари и сл.), мали услужни бироа (адвокатски, нотарски, книговодствени и сл. услуги), трафики, киосци и најмали колонијани дуќани кои создаваат мали количества на отпад.
- **II категорија ------ 375,00 денари** - Просторно поголеми објекти од оние од I категорија, кои создаваат поголема количина на отпад.
- **III категорија ------ 450,00 денари** - Сервиси и средно големи колонијални дуќани.
- **IV категорија ------ 525,00 денари** - Поголеми објекти кои вршат услужни и трговски дејности.
- **V категорија ------ 600,00 денари** - Објекти за услужни и трговски дејности кои создаваат големи количини на комунален цврст отпад.

Овие цени се без вклучен Данок на додадена вредност и истите опфаќаат вршење на услугата - собирање и транспортирање на комунален цврст отпад, четири пати во текот на месецот.

Член 4

Процена и категоризација на објектите врз основа на горенаведените критериуми ќе врши стручната служба на претпријатието, при што ќе биде земено во предвид и дотогашното искуство од собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад од субјектите.

Член 5

Со одредени правни субјекти, висината на цената за собирање и за транспортирање на комуналениот цврст отпад може да биде утврдена со склучување на посебни договори за вршење на комунални услуги, а врз основа на количеството и видот на создадениот отпад.

Член 6

Цените за подигнување отпад од деловните објекти на правните субјекти се утврдуваат со следниве износи:

| ред. бр. | опис | Единца мерка | количина | цена |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Контејнер со капацитет од 1.1 м3 | подигнување | 1 | 975,00 |
| 2. | Контејнер со капацитет од 5.5 м3 | подигнување | 1 | 3.315,00 |
| 3. | Изнесување отпад | тон | 1 | 700,00 |
| 4. | Изнесување отпад | м3 | 1 | 975,00 |
| 5. | Транспорт на отпад | км | 1 | 150,00 |

Цените се без вклучен Данок на додадена вредност.

Член 7

Со донесување на оваа Одлука, престануваат да важат предходно донесените Одлуки за утврдување на цената на комунална услуга за собирање и транспортирање на комунален цврст отпад.

Член 8

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Управен одбор на
ЈКП ИЛИНДЕН
Претседател
Ацо Пепшевски

Јавно комунално претпријатие
"ИЛИНДЕН"
Бр. 02-193/10
03.11.2023 год.
Населба, ИЛИНДЕН

Врз основа на член 19 став 2 точка 7 в.в. со член 11 точка 5 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 23 од Статутот на ЈКП ИЛИНДЕН н. Илинден, Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 03.11.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за утврдување на цени на услуги за празнење на септички јами, црпење и отстранување на непречистени отпадни и фекални води, отстранување на мил и пробивање на канализациона мрежа со цистерна под притисок

### Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат цени на услугите за празнење на септички јами, црпење и отстранување на непречистени отпадни и фекални води, отстранување на мил и пробивање на канализациона мрежа со цистерна под притисок.

Цените без вкалкулиран данок на додадена вредност се следни:

| Реден број | Вид и опис на работите | Единица мерка | Цена |
|---|---|---|---|
| 1. | Чистење на непречистени отпадни и фекални води од септички јами од физички лица | $м^3$ | 240,00 |
| 2. | Црпење и отстранување на непречистени отпадни и фекални води од септички јами до 3 м. длабочина од правни субјекти | $м^3$ | 600,00 |
| 3. | Црпење и отстранување на непречистени отпадни и фекални води од септички јами до 6 м. длабочина од правни субјекти | $м^3$ | 1.200,00 |
| 4. | Црпење и отстранување на непречистени отпадни и фекални води од септички јами до 9 м. длабочина од правни субјекти | $м^3$ | 1.800,00 |
| 5. | Чистење и отстранување на густа фракција, талог, мил и сл. од септички јами до 3 м. длабочина од правни субјекти | $м^3$ | 1.200,00 |
| 6. | Чистење и отстранување на густа фракција, талог, мил и сл. од септички јами до 6 м. длабочина од правни субјекти | $м^3$ | 1.800,00 |
| 7. | Ангажирање работници за рачно чистење септички јами, отстранување на густа фракција, талог, мил и сл. од септички јами до 3 м. длабочина од правни субјекти | Работен час по работник | 600,00 |
| 8. | Ангажирање работници за рачно чистење септички јами, отстранување на густа фракција, талог, мил и сл. од септички јами | Работен час по работник | 1.200,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | до 6 м. длабочина од правни субјекти | | |
| **9.** | Ангажирање работници за рачно чистење септички јами, отстранување на густа фракција, талог, мил и сл. од септички јами до 9 м. длабочина од правни субјекти | **Работен час по работник** | 1.800,00 |
| **10.** | Пробивање на канализациона мрежа на правни субјекти со цистерна под притисок | **час** | 3.900,00 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила по претходно добиена согласност од Советот на Општина Илинден.

**Управен одбор на**
**ЈКП ИЛИНДЕН**
**Претседател**
**Ацо Пешевски**

Јавно комунално претпријатие „ИЛИНДЕН“ Населба Илинден